РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Комитет за следење на ИПАРД

# *Записник од петнаесеттиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД*

## *20 Февруари 2015/ Клуб на пратеници*

Арх. бр. 30-4767/1

Датум: 08.02, 2015

Скопје

## I. ЛИСТА НА УЧЕСНИЦИ

Претседател на Комитетот за следење на ИПАРД, Ванчо Костадиновски, Заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ)

Секретаријат на Комитетот за следење на ИПАРД: Раководител на Тело за управување со ИПАРД , м-р Маргарита Делева.

*Присутни членови на Комитетот за следење на ИПАРД* :

1. **Абдилгафар Синани**, Раководител на Сектор за земјоделство, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.
2. **Игор Златков**, Директор, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството.
3. **Стеванче Јорданоски**, Претседател на Федерација на Фармери во Република Македонија.
4. **Наташа Вртеска**, Правен советник на Заедница на единиците на локалната самоуправа.
5. **Робертина Брајаноска**, Извршен Директор на Македонско Еколошко Друштво
6. **Ефтим Шаклев**, Претседател, Асоцијација на земјоделци.
7. **Петар Георгиев**, Претседател на Мрежа за рурален развој на Р.М.
8. **Драги Димитриевски**, Декан на Факултет за земјоделски науки и храна.
9. **Васко Ристовски**, Самостоен советник во сектор за земјоделство и прехранбена индустрија, Стопанска Комора на РМ.
10. **Евгенија Серафимовска Киркова**,Секретаријат за европски прашања.
11. **Ардиана Абази Рамадани**, Раководител на сектор за европски прашања, Министерство за економија.
12. **Блажо Јаневски**, Раководител на сектор, Агенција за храна и ветеринарство.
13. **Сашо Ристевски**, Секретар, Македонска Асоцијација на Преработувачи.
14. **Соња Трајкова**, Кабинет на Министер, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.
15. **Билјана Петкоска**, Министертво за животна средина и просторно планирање.
16. **Љубиша Николоски**, Раководител на Сектор, координација и институционална поддшка, Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија.
17. **Снежана Герасимова-Матеска**, Советник, Министерство за култура.

*Присутни заменик членови на Комитетот за следење на ИПАРД:*

1. **Александра Дика**, замена за Живко Брајкоски, Раководител на Сектор за лозарство, винарство и овоштарство, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

2. **Васка Петрова**, замена за Олга Стоименова, Здружение на жени земјоделки „Агро-Винка“, Виница

3. **Валентина Смиљанов**, замена за Оливија Штерјова, Комора на занаетчии на Република Македонија.

*Претставници на Европска Комисија (ЕК) со советодавна улога:*

1. **Џерард Кили**, Директорат за земјоделство и рурален развој, (ГД-Агри),

2. **Елица Живкова**, Директорат за земјоделство и рурален развој, (ГД-Агри).

Претставници од Европска Делегација

1. **Оливиер Мас**, Делегација на Европска Унија во Република Македонија.

*Претставници на ИПАРД структурата:*

*Претставници од НАО и НФ :*

1.**Александра Симјаноска**, Национален Фонд, Министерство за финансии.

Претставници од Тело за Управување со ИПАРД (ТУ):

2. **Младен Колариќ**, Раководител на Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување.

3. **Јасмина Хаџибулиќ**, Помлад соработник, Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување.

4. **Виктор Младеновски**- Овластен Раководител на Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови.

5. **Игор Трошански**- Советник за програмирање и проценка на ИПАРД фондовите.

*Претставници од Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР):*

1. **Билјана Вуковиќ**, Раководител на Сектор за одобрување на проекти, Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР).

**2. Маја Брајовиќ**, Раководител на сектор за внатрешна ревизија,Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР).

***Резултати: Претседателот на Комитетот и 17 членови и 3 заменици со право на глас (од вкупно 24 члена со право на глас) учествуваа на состанокот. Со тоа се постигна кворум од 2/3 од членовите со право на глас (или нивни заменици) за одржување на состанокот согласно Деловникот за работа член 9 став 4.***

***Листа на проверка на присутност на членовите од состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД е прикажана во Прилог 1 од овој Записник.***

***Листа на набљудувачи е прикажана во Прилог 2 од овој Записник.***

II. ДНЕВЕН РЕД

III. РЕЗУЛТАТИ ОД СОСТАНОКОТ НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД:

**1. Во врска со точка 1 од дневниот ред: „ Усвојување на предлог Дневниот ред на 15ти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД"**

Состанокот го отвори Претседателот на Комитетот за следење на ИПАРД, посакувајќи им добредојде на сите присутни на состанокот и на претставниците од Европската Комисија (ЕК). Воедно ги информираше членовите на Комитетот за

следење на ИПАРД во однос на новата точка во рамките на точка 6 од предлог дневниот ред за петнаесеттиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД.

**Одлука бр.1**: Комитетот за следење на ИПАРД го усвои Дневниот ред за петнаесеттиот (есенски) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД со предлог новата точка во рамките на точката 6: „Припреми за програмирање и акредитација на нови ИПАРД мерки"

*<u>Усвоениот дневен ред е прикажан во Анекс 1.</u>*

**2. Во врска со точка 2 од дневниот ред:„ Усвојување на Записникот од претходниот (14-ти) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД (одржан на 20ти јуни 2014 )"**

Претседателот на Комитетот за следење на ИПАРД ги информираше членовите во однос на Нацрт Записникот од претходниот (14-ти) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД кој што беше доставен за коментари до сите членови на Комитетот и до присутните претставници на Европската Комисија.

Членовите на комитетот за следење без забелешки по однос на записникот ја усвоија следнава:

**Одлука бр.2:** Комитетот за следење на ИПАРД го одобри предлог Записникот од (14-от) четиринаесетиот (пролетен) состанок, кој се одржа на 20 јуни, 2014 година, како финален.

*<u>Усвоениот Записник е прикажан во Анекс 2.</u>*

**3. Во врска со точка 3 од дневниот ред: „Информација за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот (14ти) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД"**

Г-дин Колариќ – Раководител на Одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондовите и известување, информираше во однос на прогресот на спроведувањето на одлуките/ заклучоците усвоени на претходниот (14-ти) состанок на Комитетот за

следење на ИПАРД. истакнувајќи дека сите заклучоци се реализирани освен заклучок број 8 односно: „Се задолжува ИПАРД Агенцијата да направи детална анализа на сите апликации кои не биле одобрени поради неиздавање на градежна дозвола или пак имале проблем при вадење на градежна дозвола. Целосната анализа ИПАРД Агенцијата во рок од 10 дена да ја достави до ЗЕЛС, со цел ЗЕЛС да ги процесуира до општините и да ги информира членовите на Комитетот за следење на ИПАРД". Во однос на овој заклучок, г-дин Колариќ информираше дека ИПАРД Агенцијата има доставено допис до ЗЕЛС во кој беа истакнати проблемите при вадење на градежни дозволи како и тоа дека ЗЕЛС очекува понатамошни насоки за активности во врска со овој допис.

Како дополнување на оваа точка, од страна на г-ѓа Вртеска – Заедница на единиците на локалната самоуправа , беше поврдено дека е доставен допис од страната на ИПАРД Агенција до ЗЕЛС, меѓутоа истиот не содржел дополнителни насоки за изработка на анализа од страна на ЗЕЛС и поради тоа бил проследен до другите општини очекувајќи дека комуникацијата помеѓу ИПАРД Агенцијата и општините ќе се одвива на повисоко ниво. Таа побара АФПЗРР да направи подетална анализа каде што јасно ќе се укаже каде и во кој дел се однесуваат овие проблеми односно дали човечкиот фактор е причина за неиздавање на градежни дозволи или некој друг проблем. Во таа насока Вртевска исто така истакна дека ЗЕЛС може да ја искоординира работата помеѓу општините и ИПАРД Агенцијата.

Претставникот на АФПЗРР, Билјана Вуковиќ посочи дека по испраќање на дописот до ЗЕЛС, имајќи ја во предвид нивната улогата, ИПАРД Агенцијата очекувала ЗЕЛС по активно да се ангажира за откривање на проблемите кои се јавуваат во самите општини.Во продолжение ИПАРД Агенцијата ќе контактира со секоја општина поединачно во решавање на проблемите.

Врз основа на поднесениот извештај (Извештај на Телото за управување со ИПАРД), дополнувањето од страна на г-ѓа Наташа Вртеска и забелешките од страна на АФПЗРР, Претседателот и членовите на комитетот го донесоа следниов заклучок:

**Заклучок бр. 1**: Комитетот за следење на ИПАРД, се информираше за напредокот во спроведувањето на одлуките/заклучоците на 14от Комитет за следење на ИПАРД, одржан на 20 јуни, 2014 имајќи го во предвид дополнувањето од страна на ЗЕЛС како и забелешките од страна на АФПЗРР во насока за поголема активност, ангажираност и комуникација на повисоко ниво помеѓу министерствата, ИПАРД Агенцијата и ЗЕЛС

во однос на решавање на проблемите од областа на локалната самоуправа (издавање на градежни дозволи и сл.)

***Извештај на Телото за управување со ИПАРД** е прикажан во **Анекс 3***

**4. Во врска со точка 4 од дневниот ред: „Информации кои произлегуваат од Комитетот за следење на ИПА"**

Г-ѓа Серафимова информираше за ИПА Комитетот кој се одржа на 23.01.2015, како и за заклучоците кои се донесени на истиот.

Во отсуство на забелешки, Претседавачот го усвои следниов заклучок:

**Заклучок бр. 2:** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за заклучоците произлезени од ИПА Комитет за следење одржан на 23ти јануари 2015 година.

**5. Во врска со точка 5 од дневниот ред: „Состојба со спроведување на ИПАРД Програмата"**

**5.1: „Испитување на резултатите на ИПАРД програмата преку податоците индикаторите за следење"**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, Младен Колариќ го презентираше прогресот и досегашните резултати од спроведувањето на ИПАРД Програмата 2007-2013 како и реализацијата на целите на Програмата.

Врз основа на деталната анализа на спроведувањето на ИПАРД 2007- 2013 Програма, Претседателот на Комитетот за следење на ИПАРД го усвои следниот заклучок:

**Заклучок бр. 3:** Комитетот за следење на ИПАРД ги разгледа резултатите од спроведувањето на ИПАРД Програмата преку показатели и податоци за следење на програмата за период мај 2014- декември 2014.

Како дополнување на оваа точка, г-ѓа Маргарита Делева и претставничката на АФПЗРР Билјана Вуковиќ, информираа дека во 2014 година забележано е нагло

зголемување на бројот на апликации, како и зголемување на одобрување на стапката на одобрени проекти, односно просекот на одбивање е намален на 50% воедно информирајќи дека мерката 302 бележи позитивен тренд односно зголемен број на апликации за мерка 302 и одобрување на истите. Како една од причините за раскинување на договорите од страна на АФПЗРР беше наведен проблемот во однос на обезбедување на потврда за платени даноци и придонеси од УЈП.

Исто така, како една од причините за малиот број на одобрени апликации, претставникот на Асоцијација на Фармери г-дин Шаклев го посочи фактот што 95% од фармите не се легализирани. Во контекст на своето излагање а со цел зголемување на апсорпцијата на ИПАРД средствата, г-ин Шаклев побара формирање на работна група која што преку редовно одржување на состаноци ќе дискутира за проблемите со кои се соочуваат апликантите при аплицирање за користење на ИПАРД средства. Врз основа на тој предлог како и неговото укажување на проблемот со легализацијата на фармите, беа донесени следниве заклучоци:

**Заклучок бр. 4**: Комитетот за следење на ИПАРД го задолжи Телото за управување со ИПАРД да формира работна група сочинета од претставници од Телото за управување со ИПАРД, АФПЗРР, Комисија за рурален развој во рамките ЗЕЛС, АПРЗ, претставници од Министерство за транспорт и врски, Асоцијација на земјоделци, Федерација на фармери, Сојуз на земјоделци со цел преглед на проблемите при аплицирање и користење на ИПАРД средства.

**Заклучок бр. 5**: Комитетот за следење на ИПАРД го задолжи ЗЕЛС да свика работен состанок во рамките на Комисијата за рурален развој, со претставници од Министерството за транспорт и врски и градоначалниците од руралните општини ,во врска со издавање на градежни дозволи и легализација на објекти на земјоделско земјиште со цел изнаоѓање конкретни решенија за надминување на пречките. Донесените решенија да се достават како информација до Владата на Република Македонија.

На предлог на Проф. д-р Драги Димитриевски (Факултет за земјоделски науки и храна) кој што при своето излагање посочи дека обезбедувањето на потврда за

платени даноци и придонеси од УЈП е една од пречките за слабата искористеност на ИПАРД фондовите, Комитетот за следење на ИПАРД го усвои следниот заклучок:

**Заклучок број 6**: Комитетот за следење на ИПАРД го задолжи Телото за управување со ИПАРД во соработка со АФПЗРР да направи измена во ИПАРД Програмата 2007-2013 во насока на олеснување на критериумот со кој барателите на средства се обврзуваат да докажат подмирени финансиски обврски кон државата и подмирени обврски кон фондовите за здравствено, социјално и пензиско осигурување.

Исто така како една од пречките односно проблемите со кои се соочуваат апликантите, од страната на г-дин Димитриевски, беше наведено добавувањето на документи за капитална поврзаност, посебно со добавувачи на опрема од странство. Во контекст на ова, ИПАРД Агенцијата информираше дека со цел решавање на проблемот во однос на сопственичките структури се превземаат следниве активности:

- Формирање на база на стандардни цени на чинење за одреден дел на инвестициите (механизација, градежни работи, трактори, систем капка по капка) односно овие инвестиции да идат со една понуда;
- Во тек е фазата на склучување на меморандум со Стопанската Комора на Република Македонија во насока на фасилитирање на процесот на обезбедување и контрола на овие документи.

Врз основа на оваа дискусија беше донесен следниов заклучок:

**Заклучок број 7:** Комитетот за следење на ИПАРД ги задолжи Стопанската комора на Република Македонија и АФПЗРР на својата web страна да ја објават можноста за обезбедување на потребни информации во врска со утврдување на сопственичка структура на странски добавувачи и производители на опрема, која потенцијалните ИПАРД баратели можат да ја обезбедат преку Стопанската комора на Република Македонија. Овие информации како и контакт лицата да бидат објавени на web страната по потпишување на меморандумот за соработка помеѓу АФПЗРР и Стопанската комора на Република Македонија, но пред објавување на следниот јавен повик за користење на ИПАРД средства.

Во однос на советодавните услуги во примарното земјоделско производство, Директорот на АПРЗ- Игор Златков, даде кратка ретроспектива во однос на бројот на изготвени апликации од страна на АПРЗ за период 2009- 2014 година, односно, околу 80% од вкупно доставените апликации се изготвени од страната на советниците на АПРЗ. За таа цел, Директорот на АПРЗ побара од Комитетот за следење на ИПАРД, по завршување на секој јавен повик да се овозможи обука на советниците која што ќе им помогне при пополнувањето на апликациите, односно поквалитетна изработка на истите. Во контекст на проблемите со кои се соочуваат фармерите при аплицирање за користење на ИПАРД средства е барањето на потврда од АПРЗ за едукација на фармерите кои немаат завршено средно образовани, односно немањето формално правен акт АПРЗ да издава таков документ како и ненавременото информирање на истите во однос на тоа дали нивните апликации се одобрени или одбиени. Комитетот за следење на ИПАРД го усвои предлогот за одржување на обуки на консултантите и го донесе следниот заклучок:

**Заклучок бр. 8**:, Комитетот за следење на ИПАРД ги задолжи Телото за управување со ИПАРД и АФПЗРР, по завршување на секој јавен повик, да одржат обука на советниците со цел подобрување на нивниот капацитет за поточно и попрецизно пополнување на апликациите и со цел да се согледаат направените грешки за истите да не се повторат во иднина.

Во однос на барањето за одржување на обуки, претставникот на Мрежата за рурален развој на Република Македонија- Петар Ѓорѓиевски, предложи при одржување на истите да се повикаат и претставници на позитивни проекти т.е успешни ИПАРД корисници. Истиот предлог беше усвоен и донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 9**: Комитетот за следење на ИПАРД го задолжи Телото за управување со ИПАРД, Годишниот план за комуникација и публицитет за 2015 да опфати активности за одржување на фокус групи или т.н лидер фармери (ИПАРД корисници) кои би ги презентирале своите позитивни искуства на останатите потенцијални ИПАРД корисници.

Доставувањето на допис до барателите на ИПАРД средства за дополнување на документацијата, односно губењето на интерес и откажување на истите во однос на комплетирање на документацијата, г-ѓа Маргарита Делева го посочи како проблем чие што решавање односно надминување би придонело кон зголемен број на

одобрени ИПАРД проекти. Сметајќи дека во решавање на тој проблем, клучна улога имаат АПРЗ, а со цел навремено информирање и поттикнување на барателите на средства за комплетирање на потребната документација, Комитетот за следење на ИПАРД ги усвои следниве заклучоци:

**Заклучок бр. 10**: Комитетот за следење на ИПАРД ја задолжи АПРЗ, во периодот на изготвување на потребната документација за аплицирање за користење на ИПАРД средства, да изготват интерен акт или образец кој што заедно со апликацијата која што ќе ја достави до АФПЗРР, ќе претставува согласност на апликантот кој што аплицира за ИПАРД, АПРЗ да биде информиран во однос на документите кои дополнително треба да се достават со цел комплетирање на потребната документација. Воедно, се задолжува АФПЗРР во овие случаеви комуникацијата поврзана со апликацијата да ја насочува и до АПРЗ, а и дополнително да се разгледа можноста АПРЗ да биде користена како посредник од страна на АФПЗРР за подобрување на квалитетот на сите апликации по мерка 101.

**Заклучок бр. 11**: Комитетот за следење на ИПАРД ја задолжи АФПЗРР во случај кога апликантот има поднесена согласност за информирање на изготвувачот на апликацијата во врска со нејзино понатамошно подобрување и комплетирање на документацијата, комуникацијата поврзана со апликацијата да ја насочува и до посочената страна – консултант/советодавец. Воедно, АФПЗРР дополнително да ја разгледа можноста АПРЗ да биде користена како посредник од страна на АФПЗРР за подобрување на апликациите на сите апликанти по мерка 101 и за тоа да го информира Комитетот за следење на ИПАРД.

***Полугодишен извештај за следење на спроведувањето на ИПАРД програмата за периодот Мај 2014 – Декември 2014 е прикажан во Анекс 4.***

**Во врска со точка 5.2 од дневниот ред: „ Извештај за следење на проектите на ИПАРД Програмата"**

Претставникот на АФПЗРР, Билјана Вуковиќ информираше дека со последните јавни повици состојбата со спроведувањето на ИПАРД Програмата 2007- 2013 е значително

подобрена, односно по четвртата модификација на ИПАРД Програмата 2007- 2013 интересот за аплицирање е зголемен 8 пати. Како еден од проблемите со кои се соочува ИПАРД Агенцијата е недостигот на кадар и недостиг на обучен кадар за обработка на апликациите. Како најголем проблем во однос на одбивање на проектите таа го посочи недополнувањето на апликациите од страна на корисниците. Во таа насока беше усвоен следниов заклучок:

**Заклучок бр. 12:** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за резултатите од следењето на проектите на ИПАРД Програмата.

Во контекст на точката за спроведување на ИПАРД 2007- 2013 Програма, Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за резултатите од спроведената анкета, направена за потребите на проектот за тековна евалуација на ИПАРД 2007- 2013 Програма, од страната на Мрежа за рурален развој на Република Македонија.

***Полугодишен извештај за следење на спроведувањето на ИПАРД програмата за периодот Мај 2014 – Декември 2014 е прикажан во Анекс 5.***

**6. Во врска со точка 6 од дневниот ред : „Информација за ИПАРД 2014-2020- Статус за Рамковна спогодба и Секторска спогодба 2014-2020"**

Во однос на оваа точка, г-ѓа Маргарита Делева го информираше Комитетот за следење на ИПАРД за усвојувањето на новата ИПАРД II Програма, односно ИПАРД 2014- 2020 со вкупен буџет на ЕУ средства од 60 милиони евра, притоа, накратко осврнувајќи се на новите можности кои се нудат со новата програма. Во таа насока, Комитетот за следење на ИПАРД го усвои следниов заклучок:

**Заклучок бр. 13:** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за усвојување на ИПАРД II програмата 2014-2020, новите можности кои се нудат и за следните чекори за оперативност на програмата, конкретно за статусот ИПА II Рамковна спогодба и Секторска спогодба за ИПАРД II 2014-2020.

Во контекст на оваа точка беше отворена дискусија во однос на тоа, кога треба да се престане со имплементација на ИПАРД I Програмата и започнување со имплементација на ИПАРД II. Надоврзувајќи се на ова прашање, Раководителот на

одделот за претпристапни фондови (ИПАРД) при Генерален Директорат за земјоделство и рурален развој- Џерард Кили, земајќи во предвид дека алокациите за ИПАРД II за првите неколку години се доста мали, односно 5 милиони € во првите 3 години, истакна дека нема потреба да се престане со ИПАРД I и да се изгубат средствата кои што можат да се искористат до крај на 2017 година односно 12 милиони €.

Доколку имплементацијата на ИПАРД 2007- 2013 Програма продолжи до крајните рокови, потребно е да се направи усогласување на програмите, во делот на можности кои што се нудат во ИПАРД 2014- 2020 Програма, и за таа цел, Комитетот за следење на ИПАРД го усвои следниот заклучок:

**Заклучок бр. 14**: Комитетот за следење на ИПАРД го задолжи Телото за управување со ИПАРД доколку имплементацијата на ИПАРД I продолжи со исплата на средствата до 31.12. 2017 година, Телото за управување со ИПАРД да пристапи кон изготвување на предлог за модификација на ИПАРД Програмата 2007- 2013 која ќе биде во согласност со можностите што ги нуди ИПАРД 2014-2020 и истата да ја сподели со претставниците од ГД за земјоделство со цел да ја разгледаат можноста за понатамошни чекори во однос на тоа дали е прифатлива или не.

Во однос на обврската на Телото за управување со ИПАРД да достави информација до Владата на Република Македонија, каде што ќе се дадат опции за затварање на ИПАРД I и започнување на ИПАРД II, како и фактот дека акцискиот план за акредитација на ИПАРД II е веќе изготвен од страна на НАО, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 15**: Комитетот за следење на ИПАРД го задолжи Телото за управување со ИПАРД до март 2015, информацијата за опции за затварање на ИПАРД I и започнување на ИПАРД II која што ќе ја поднесе до Владата на Република Македонија врз основа на задолжение, претходно да се достави и до сите членови на Комитетот за следење на ИПАРД, со цел истите да дадат свој придонес преку свои предлози, коментари и сл. кои потоа ќе бидат составен дел од информацијата.

**Во врска со точка 6.1 од дневниот ред: „Припреми за програмирање и акредитација на нови ИПАРД мерки"**

Во врска со оваа подточка, лидерот на твининг проектот од ИПАРД Агенцијата г-ѓа Маја Брајовиќ, даде кратко резиме во однос на подготовките за акредитација на новата мерка Рурална инфраструктура, прогрес во реализацијата на проектните активности и досегашни согледувања од страна на експертите. Како посебни цели на оваа мерка беа наведени: обезбедување на инфраструктура која е потребна за развој на руралните области, подобрување на животниот стандард на руралното население, подржување на јавните инвестиции во руралните средини како и зголемување на стопанската активност во истите. Крајни корисници на оваа мерка ќе бидат: единиците на локалната самоуправа согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа кои имаат населени места со помалку од 10.000 жители, Јавните претпријатија за управување со шуми согласно Законот за јавните претпријатија регистрирани во Централен регистар и Јавните претпријатија за управување со пасишта. Г-дин Адриан Нил - тим лидер на ИПА проектот за воведување на нови ИПАРД мерки- LEADER и Советодавни услуги - NIMS, ги презентираше активностите на проектот и нивните досегашни согледувања.

**Заклучок бр. 16:** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за подготовките за програмирање и акредитација на нови ИПАРД мерки.

**7. Во врска со точка 7 од дневниот ред: „Информација за функционирање на системот за управување и контрола на ИПАРД"**

Претставникот на Националниот координатор за авторизација го информираше Комитетот за следење на ИПАРД за функционирањето на системот за управување и контрола. Верификациските посети и Внатрешните ревизии претставуваат алатки за спроведување на супервизија на целата структура. Во текот на 2014 година биле спроведени 4 Верификациски посети, една внатрешна ревизија во Националниот Фонд при Министерство за Финансии, 10 внатрешни ревизии во ИПАРД Агенцијата и една во Телото за управување со ИПАРД.

**Заклучок бр. 17:** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за функционирањето на системот за управување и контрола преку извештајот на Националниот координатор за авторизација.

***<u>Информација во врска со ефективното функционирање на системот за управување и контрола во рамките на ИПАРД е прикажана во Анекс 6.</u>***

**Во врска со точка 8. од дневниот ред: „Активности за техничка помош"**

**8.1 од дневниот ред: „Прогрес за акредитација на Мерката 501-Техничка помош"**

Претставникот на Националниот координатор за авторизација ги информираше членовите на Комитетот за следење на ИПАРД за напредокот за акредитација на мерката 501 Техничка помош. Воедно, беше истакнато дека акредитацијата на оваа мерка се очекува во текот на 2015 година земајќи ги во предвид препораките дадени од страна на Европската Комисија како резултат на нивната мисија одржана во период 11- 14 Ноември 2014 година.

**Заклучок бр.18** Комитетот за следење на ИПАРД, се информираше за напредокот за акредитација за Мерката 501, Техничка помош од ИПАРД Програмата 2007- 2013.

***<u>Извештај за напредокот на акредитација за мерката техничка помош од ИПАРД Програмата 2007-2013 е прикажан во Анекс 7.</u>***

**Во врска со точка 8.2. од дневниот ред: „Усвојување на Годишниот Акциски План за имплементација на мерката за Техничка Помош за 2015"**

***„Одобрување на Повеќегодишен план за јавни набавки на Мерката 501- Техничка помош"***

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, г-дин Виктор Младеновски, информираше во однос на активностите на Годишниот Акциски План за имплементација на мерката за техничка помош.

**Заклучок бр. 19** Поради немање на кворум за донесување на одлуки, согласно Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД член 14 став 1 и член 15 став 1, Повеќегодишниот план за јавни набавки на Мерката 501- Техничка помош ќе биде доставен до членовите Мониторинг Комитетот и усвоен по пат на пишана процедура.

***Годишниот Акциски План за имплементација на мерката за Техничка Помош за 2015 е прикажана во Анекс 8.***

**Во врска со точка 9 од дневниот ред : „Прогрес на активности за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата за 2014"**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, г-дин Виктор Младеновски, информираше во однос на активностите за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата, реализирани во 2014 година. Во однос на превземени активности за комуникација и публицитет тој ги посочи ИПАРД инфо деновите, работилници, форуми, изработка на 8000 брошури кои што се дистрибуираа преку подрачните единици на МЗШВ до крајните корисници.

**Заклучок бр. 20**: Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за активностите за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата за 2014.

***Извештај за прогрес во спроведување на Годишниот акционен план за комуникација и публицитет за 2014 година е прикажан во Анекс 9.***

**10. Во врска со точка 10 од дневниот ред: „Усвојување на Годишен комуникациски план за 2015 година"**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, г-дин Виктор Младеновски, го презентираше Планот за активности за комуникација и публицитет за 2015 година.

**Заклучок бр. 21:** Поради немање на кворум за донесување на одлуки, согласно Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД член 14 став 1 и член 15 став 1, Годишниот комуникациски план за 2015 година, ќе биде доставен до членовите на Мониторинг Комитетот и усвоен по пат на пишана процедура.

*<u>Годишниот акциски план за 2015 година е прикажан во Анекс 10.</u>*

**11. Во врска со точка 11 од дневниот ред: „Прелиминарни резултати од тековната евалуација"**

Претставникот од Европската Делегација г-нот Оливие Мас информираше за прелиминарните резултати од проектот за тековната евалуација на ИПАРД Програмата. Финалниот извештај за тековна евалуација на ИПАРД Програмата се очекува 15 дена по одржување на Комитетот за следење на ИПАРД.

**Заклучок бр.22**: Комитетот за следење на ИПАРД го задолжи Телото за управување со ИПАРД да го достави по електронски пат финалниот извештај за тековна евалуација на ИПАРД програмата до сите членови на Комитетот за следење на ИПАРД.

**12. Во врска со точка 12 од дневниот ред: „Разно"**

Во однос на оваа точка не беше покрената дискусија.

**13. Во врска со точка 13: „Предлог на Дневен ред за следниот (16ти) пролетен состанок на Комитетот за следење на ИПАРД и усогласување на датумот за негово одржување"**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД Маргарита Делева, предложи наредниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД да се одржи во текот на јуни месец 2015 година.

***Коментарите од ЕК во однос на Нацрт записникот од 15 от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД како и измените на истиот, се прикажани во Анекс 11.***

| ОД СТРАНА НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД: | ОД СТРАНА НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ: |
|---|---|
| Ванчо Костадиновски | м-р Маргарита Делева |
| Титула: Претседател | Раководител на Тело за управување со ИПАРД |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: | Датум: 08/07/2015 |

# Листа на присутни на 15 ти Комитет за следење на ИПАРД

| Бр. | Титула и име на членовите | Институција | Присутен "√" | Отсутен "√" | Претставник "√" | Заменик | Последователни отсуства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Ванчо Костадиновски | МЗШВ | √ | | | | 0 |
| ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ | | | | | | | |
| 2. | Г-ѓа Соња Трајкова | МЗШВ | √ | | | | 0 |
| 3. | Г-дин Живко Брајковски | МЗШВ | | √ | √ | Г-ѓа Александра дика | 1 |
| 4. | Г-дин Абдилгафар Синани | МЗШВ | √ | | | | 0 |
| 5. | Г-дин Уљуси Шерифи | МЛС | | √ | | | 1 |
| 6. | Г-ѓа Евгенија Серафимовска Кирковски | СЕП | √ | | | | 0 |
| 7. | Г-ѓа Снежана Герасимова-Матеска | МК | √ | | | | 2 |
| 8. | Г-ѓа Ардиана Абази - Рамадани | МЕ | √ | | | | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9. | Г-дин Блажо Јаневски | **Агенција за храна и ветерина** | √ | | | | 0 |
| 10. | Г-ѓа Билјана Петкоска | **МЖСПП** | √ | | | | 0 |
| АГЕНЦИИ | | | | | | | |
| 11. | Г-дин Игор Златков | **АПРЗ** | √ | | | | 0 |
| 12. | Г-дин Љубиша Николовски | **Агенција за поддршка на претприемништвото** | √ | | | | 2 |
| ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ | | | | | | | |
| 13. | Г-дин Васко Ристовски | **Стопанска комора на Македонија** | √ | | | | 2 |
| 14. | Г-дин Огнен Оровчанец | **Агробизнис комора при Сојуз на стопански Комори на РМ** | | √ | | | 2 |
| 15. | Г-дин Сашо Ристески | **Македонска асоцијација на преработувачи** | √ | | | | 0 |
| 16. | Г-дин Стеванче Јорданоски | **Федерација на фармери на Македонија** | √ | | | | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 17. | Г-дин Вељо Тантаров | **Сојуз на земјоделци на Македонија** | | √ | | | 2 |
| 18. | Г-ѓа Наташа Вртеска | **Заедница на единиците на локалната самоуправа** | √ | | | | 0 |
| 19. | Проф. Д-р Драги Димитриевски | **Факултет за земјоделски науки и храна** | √ | | | | 2 |
| 20. | Г-ѓа Олга Стоименова | **Здружение на жени земјоделки Агровинка, Виница** | | | √ | Г-ѓа Васка Петрова | 1 |
| 21. | Г-ѓа Оливија Штерјова | **Комора на занаетчии** | | | √ | Г-ѓа Валентина Симјанов | 2 |
| 22. | Проф д-р Душан Спасов | **Факултет за земјоделски науки и храна – УГД Штип** | | √ | | | 1 |
| 23. | Г-дин Ефтим Шаклев | **Асоцијација на земјоделци** | √ | | | | 0 |
| 24. | Г-дин Петар Ѓоргиев | **Рурална мрежа на Р.М** | √ | | | | 1 |
| 25. | Г-ѓа Робертина Брајаноска | **Македонско еколошко друштво** | | √ | | | 0 |
| | ВКУПНО | 20 | 17 | 6 | 3 | | |

# Прилог 2: Листа на набљудувачи на Комитетот за следење на ИПАРД

**Претставници од државни институции:**

- Татјана Арсова- Кабинет на Премиер на Влада на Република Македонија;
- Благојчо Табакоски- Агенција за храна и ветерина;
- Горан Ковачев- Земјоделски кредитен дисконтен фонд, Министерство за финансии;
- Александар Димитровски- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Љубо Пено- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Светлана Глигорова- Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Љиљана Вуковиќ- Агенција за поддршка на претприемништвото.

**Претставници од Ревизорско Тело:**

- Весна Младеновска –Сектор за ревизија за компонента V – ДЗР
- Арбен Рамадани - Сектор за ревизија за компонента V-ДЗР

**Претставници од економски и социјални партнери**

- Елеонора Настова Димова – Здружение на рибопроизводители на Република Македонија- Аква Фортис;

**Претставници на ИПА проект за воведување на нови ИПАРД мерки- LEADER и Советодавни услуги:**

- Adrian Neal - тим лидер на ИПА проектот за воведување на нови ИПАРД мерки LEADER и Советодавни услуги – NIMS;
- Donald Aquilina – експерт за советодавни услуги.

Анекс 11

Матрица со коментари од записникот од 15-тиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД одржан на 20ти февруари 2015 година

| Во врска со: | Текст | Коментари од ЕК | Одговор од Секретаријатот на МК |
|---|---|---|---|
| **Точка 5 од дневниот ред: „Состојба со спроведување на ИПАРД Програмата" , пот- точка 5.1: „Испитување на резултатите на ИПАРД програмата преку податоците индикаторите за следење"** | **Заклучок бр. 6:** Комитетот за следење на ИПАРД донесе заклучок за измена на критериумот во ИПАРД Програмата 2007- 2013 со кој барателите на средства се обврзуваат да докажат подмирени финансиски обврски кон државата и подмирени обврски кон фондовите за здравствено, социјално и пензиско осигурување. | *Не се сеќавам дека таков заклучок беше усвоен на состанокот но во секој случај мислам дека не можеме да се согласиме овие услови да се избришат.* | Коментарот не може да се прифати. Образоложение: „ Секретаријатот на Комитетот за следење на ИПАРД темелно го преслуша транскриптот од 15-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД и утврди дека истиот заклучок е усвоен. Со измените и дополнувањата на Законот за земјоделство и рурален развој утврден е механизмот за надомест на обврските на апликантот кон државата. Контролата на долговите се врши од страна на Секторот на ИПАРД Агенцијата за директни плаќања и доколку бидат пронајдени односно се утврдат неподмирени обврски, истите ќе се надоместат/ компензираат преку субвенцијата на барателот " |
| | **Заклучок бр. 11**: Комитетот за следење на ИПАРД ја задолжи АФПЗРР во случај кога апликантот има поднесена согласност за информирање на изготвувачот на апликацијата во врска со нејзино понатамошно подобрување и комплетирање на документацијата, комуникацијата поврзана со | *Заклучокот не е јасен, ве молам ревидирајте го текстот.* | Комитетот за следење на ИПАРД ја задолжи АФПЗРР, во случаите каде што апликантот има поднесена согласност да го информира консултантот / советникот кој ја изготвил апликацијата, за непотполноста / неправилноста на апликацијата за ИПАРД. Воедно, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | апликацијата да ја насочува и до посочената страна – консултант/советодавец. Воедно, АФПЗРР дополнително да ја разгледа можноста АПРЗ да биде користена како посредник од страна на АФПЗРР за подобрување на апликациите на сите апликанти по мерка 101 и за тоа да го информира Комитетот за следење на ИПАРД. | | АФПЗРР да ја има во предвид можноста, АПРЗ да се користи како директна врска односно посредник со кандидатите, за подобрување на апликациите на сите апликанти по мерка 101 и за тоа да го информира Комитетот за следење на ИПАРД. |
| **5.2 од дневниот ред: „ Извештај за следење на проектите на ИПАРД Програмата"** | **Заклучок бр. 14**: Комитетот за следење на ИПАРД го задолжи Телото за управување со ИПАРД, доколку се продолжи со ИПАРД I до крајните рокови, од 23 февруари, да пристапи кон изготвување на предлог за модификација на ИПАРД Програмата 2007- 2013 во насока на усогласување со ИПАРД 2014- 2020 односно во делот на можности кои се нудат во ИПАРД II, и истиот да го сподели со претставниците од ГД за земјоделство со цел да ја разгледаат можноста за понатамошни чекори во однос на тоа дали е прифатлива или не. | *Заклучокот не е јасен, ве молам ревидирајте го текстот.* | Комитетот за следење на ИПАРД го задолжи Телото за управување со ИПАРД доколку имплементацијата на ИПАРД I продолжи со исплата на средствата до 31.12. 2017 година, Телото за управување со ИПАРД да пристапи кон изготвување на предлог за модификација на ИПАРД Програмата 2007- 2013 која ќе биде во согласност со можностите што ги нуди ИПАРД 2014-2020 и истата да ја сподели со претставниците од ГД за земјоделство со цел да ја разгледаат можноста за понатамошни чекори во однос на тоа дали е прифатлива или не. |